Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

ДО НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
СКОПЈЕ

| Примено: 11.09.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Бр. | Прилог | Вредност |
| ЈЕП | 1585 | 17 | |


Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44-3115/1
5.9.2017 година

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk


Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.9.2017 година, ја разгледа Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2008), доставена од Народниот правобранител на Република Македонија, под број 1585/15 од 29.6.2017 година, преку Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство, во кои е поддржана Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, (во насока на изнаоѓање законско решение, категоријата на нерегистрирани граѓани во матичната книга на родените да добијат матичен број и да се запишат во истата), ја прифати Иницијативата и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр.60/2003, 114/2009, 181/2016 и 189/2016).

**ПРИЛОГ 3: Мислења од Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Согласен: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**

ГК

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 14-4395/2
год. 25-07-2017
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

До:

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 27-07-2017

| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 44 | 3115/5 | | |

ПРЕДМЕТ: Мислење

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за мислење бр. 44 -3115/1 од 04.07.2017 по однос на Иницијативата за измена и дополнување на законот за вонпарнична постапка доставена од Народниот правобранител, Министерството за труд и социјална политика го дава следното мислење:

Иницијативата за измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, Министерството за труд и социјална политика ја започна уште во 2014 година, а поинтензивно ја започна во ноември 2016 година со формирање на работна група во рамки на Министерството за труд и социјална политика, составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Управата за водење на матични книги и Ромска Невладина Организација кои работат на терен со лицата без документи. Во таа насока, оваа работна група во декември 2016 година излезе со подготвен драфт текст на Законот за вонпарнична постапка во насока на решавање на проблемот со лицата без документи.

Во следниот период Министерството за труд и социјална политика како координатор на активностите, веќе работи на нови предлог мерки и активности во насока на решавање за ова прашање и планира вклучување на поголем број на институции, граѓански и меѓународни организации, како и народниот правобранител, при што една од овие мерки ќе биде финализирање на текстот на веќе изготвениот драфт текст на законот.

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

[redacted]

**Министерство за труд и социјална политика**

Во таа насока, предлозите од иницијативата ќе бидат разгледани и ќе се рагзледа можноста за внесување на дел од предлозите во новиот предлог за измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка.

Истовремено, Министерството за труд и социјална политика работи на утврдување на мерки и активности преку кои што ќе се утврди официјалниот број на овие лица пред да се пристапи кон следни чекори за решавање на овој проблем и овозможување на пристап до основните права, како преодно решение се до здобивање со матичен број и упис во матичната книга на родени.

Со почит

МИНИСТЕР
Мила Царовска

Изработил: Елвис Мемети
Одобрил: Ѓултен Мустафова
Согласен: Мабера Камбери